Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (``Сл.весник на РМ``бр.5/02) и член 28 став 1 точка 13 од Статутот на општина Долнени (``Сл.гласник на општина Долнени``бр.8/05), Советот на општина Долнени на седницата одржана на ден ____________ .2010г. донесе

# П Р О Г Р А М А
## одржување на уличното осветлување во населените места во општина Долнени за 2011 година

## В О В Е Д

Со оваа Програма се утврдува обемот на работа и средствата за одржување и доградба на мрежата за улично осветлување во сите населени места во општина Долнени.

## 1. ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Под одржување на уличното осветлување се подразбира:

- наплата на потрошената електрична енергија за улично осветлување во тековната година, од сите корисници на територијата на општина Долнени, од страна на ``ЕВН Македонија``АД-Скопје;
- проверка на исправноста на броилата за потрошена електрична енергија, форел, ЦН-склопки и други елементи кои се во функција на мрежата за улично осветлување;
- замена на неисправни и дотраени сијалици, заштитни стакла, фасонки, проводници, изолатори и друг потребен материјал на мрежата за улично осветлување;
- поставување на нови светилки (валдрми) и доосветлување на одредени делови (улици) од населените места со поставување на столбови, изолатори и жици за улично осветлување.

## 2. ПРИХОДИ

2.1. Комунална такса за користење и одржување на уличното осветлување
во висина на противвредност до 15 KWh по цена за јавното осветлување
за секое броило за мерење на потрошена електрична енергија
за една година ------------------------------------------------------------------------ 5.500.000,00 ден.
2.2. Средства од буџетот на општина Долнени -------------------------------- 500.000,00 ден.
---------------------------------------------------------
**Вкупно приходи: 6.000.000,00 ден.**

3. РАСХОДИ

3.1. Наплата на потрошена електрична енергија за улично осветлување
во текот на една година ------------------------------------------------------- 3.700.000,00 ден.
3.2. Набавка, транспорт и вградување на материјал за
улично осветлување (одржување на уличното осветлување) ------ 2.300.000,00 ден.

-----------------------------------------------------

**Вкупно расходи: 6.000.000,00 ден.**

4. ОДРЖУВАЊЕ

Општина Долнени, со помош на фирма избрана на тендер и во соработка со``ЕВН Македонија``АД – КЕЦ Прилеп, врши одржување на уличното осветлување во 35 населени места, и тоа: Новоселани, Заполжани, Кутлешево, Бело Поле, Вранче, Средорек, Лажани, Кошино, Дебреште, Ропотово, Сарандиново, Долнени, Сенокос, Мраморани, Забрчани, Дупјачани, Горно Село, Небрегово, Дреновци, Десово, Браилово, Слепче, Долгаец, Маргари, Стровија, Зрзе, Црнилиште, Гостиражни, Костинци, Сливје, Секирци, Пешталево, Рилево, Житоше и Локвени.

5. РЕАЛИЗАЦИЈА

Реализацијата на оваа Програма и нејзината динамика ќе зависи од висината на финансиските средства, наплатени за потрошена електрична енергија од секој корисник на ,територијата на општина Долнени.

НАПОМЕНА: **Доколку наплатата не биде реализирана, општина Долнени НЕМА обврска да постапува по претходно наведените задолженија !!!**

Оваа Програма претставува основа за одржување и доградба на мрежата за улично осветлување во сите населени места во општина Долнени и ќе се применува од 01.01.2011г. до 31.12.2011г., а истат ќе биде објавена во Службен гласник на општина Долнени.

Совет на општина Долнени
П Р Е Т С Е Д А Т Е Л

________________________
/Севгани Османоски/

Бр. ________________
________________ .2010г.
Долнени